Архивски бр. 08-414/20
датум
02-12-2025

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.
**Комисијата за надзор на ден 07.10.2025 година во 11:00 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Основен суд Битола** за контролниот период од **2023** до **2025** година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2022 година до 2025 година.
Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателката на судот Татјана Петровска и судски администратор Силвана Дејаноска.

Претседателката на судот е избрана од 20.11.2023 година, а претходно за в.д. претседател на суд бил делегиран судијата Драган Јаковлевски во периодот од 7 јули 2022 година до 20 ноември 2023 година.
Во судот беше известено дека иако во АКМИС системот имало целосно верификувани и завршени предмети, сепак биле пронајдени предмети кај судија кои биле изработени но неархивирани, односно истите во хартиена форма не биле експедирани до странките, заради што претседателката на судот доставила известување до Судскиот совет. Во однос на постапувањето со судски паушали, истите се доставуваат до извршителите на подрачјето на судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа**

Су бр.01-24/24 од 26.12.2024 година
Су бр.01-15/23 од 28.12.2023 година
Су бр.01-5/22 од 30.12.2022 година

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во судот се пополнети 12 судиски места од предвидени 25 судиски места.
Во граѓански оддел се распределени 7 судии, во кривичен оддел 4 судии и претседател на суд кој истовремено е во советот за оценување на обвинителен акт. Еден судија е избран за претседател на суд и уште еден судија делегиран во ОС Прилеп.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Су 01-4/2022 од 30.12.2022 година со 4 измени и тоа:
Су 01-4/22-1 од 20.02.2023 година,
Су 01-4/22-2 од 07.09.2023 година,
Су 01-4/22-3 од 19.09.2023 година,
Су бр.01-4/22-4 од 22.11.2023- измена заради избор на претседател на суд
Су бр.01-14/2023 од 29.12.2023 година со три измени и тоа:
Су бр.01-14/2023 - 1 од 05.04.2024 година,
Су бр.01-14/2023-2 од 13.09.2024 година
Су бр.01-14/2023-3 од 07.10.2024 година,
Су бр.01-26/2024 од 26.12.2024 година со една исправка и 6 измени и тоа:
Су бр.01-26/2024-1 од 08.01.2025 - исправка,
Су бр.01-26/2024-2 од 05.03.2025 година,
Су бр.01-26/2024-3 од 24.03.2025 година,
Су-01-26/24-4 од 04.04.2025 година,


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Су бр.01-26/2024-5 од 08.04.2025 година,
Су -01-26/24-6 од 07.07.2025 година и
Су 01-26/24-7 од 11.09.2025 година.

**4. План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Во судот не се заведува планот како посебен акт иако се изготвува. За секој судија во посебни решенија за одмор кои се заведени во АКМИС се определува периодот на користење на одмор, со задолжително определување на дежурни судии кои ќе ги менуваат судиите кои заминале на годишен одмор.

**5. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

По систематизација има формирано одделение за информатика. Во одделението се вработени двајца информатичари од кои еден е на работна позиција раководител на одделение и еден советник.

**6. Формиран оддел за судска практика во судот**

Сите судии во судот се вклучени во одделот за судска пракса.

**7. Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

До април 2025 година судијата Дејан Крстанов бил определен за портпарол на судот, по неговото заминување за портпарол на судот е определен судијата Горан Димовски.

**8. Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Судски администратор во судот е Силвана Дејаноска. Распоред за служба се прави во месец декември за наредна година, а во текот на годината по потреба распоредот се менува.
Број на предвидени места по систематизација во судот е 162 места за судски службеници. Број на вработени службеници во судот: 69 вработени во судска служба, од кои 6 припадници на судска полиција, 3 вработени по ЗРО и 60 судски службеници.

**Препорака:** Да се овозможи да се пополнат најмалку 75% од предвидените места за судските службеници.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД) за 2023, 2024 и 2025 година.**

Надмината е препораката од последниот извршен надзор и во судот редовно се спроведуваат контролите, за што се подготвува службена белешка или записник.
Беше извршен увид во следните документи:
СУ 07-13/25 од 14.03.2025 година,
Су 50/24-1 од 13.02.2024 година,
Су -49/23 од 08.02.2023 година

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су бр. 161/25 од 05.06.2025година, СУ бр. 146/24 од 12.06.2024 година, Су бр. 278/23 од 22.11.2023 година.

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Граѓански оддел
Су бр.145/25 од 16.05.2025, Су бр.217/25 од 09.09.2025, Су 264/24 од 08.11.2024 година
Кривичен оддел
Су.бр.245/23 од 05.10.2023 година

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Одговор под точка 10.

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Су бр. 01-8/25, СУ бр.03-62/24, СУ бр.38/23

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Су бр.01-9/25

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Битола за 2023, 2024 и 2025 година**

Су 01-23/24 од 16.07.2024 на Апелационен суд Битола- заведен под Су 150/24, СУ бр.263/23 и СУ број 03-486/25.

16. **Надзор над работата на нотарите**

Состаноци редовно се одржуваат, за што се составуваат записници
Су бр.06-8/23 од 10.04.2023 година
Су бр.06-17/25 од 3.10.2025 година

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

17. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуки за судиите за АКМИС системот нема подолг период од страна на Академијата, а за судската служба има обуки во Академијата.
Обука за мрежи за информатичари имало во 2024 година, преку Академијата за судии и јавни обвинители, на која присуствувал и информатичарот од судот.

18. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Има доволно опрема за функционирање на судот но има недостаток од опрема во компјутери, печатари и посебно скенерите бидејќи опремата се амортизира и застарува. Истиот проблем со коолерот кој го имаат судовите после надградбата на firewall серверот за АКМИС.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

19. **Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

СУ-07 39/22 од 16.12.2022 година, СУ-07 28/23 од 21.12.2023, СУ-07 23/24 од 23.12.2024 Уредно внесени во АКМИС

20. **Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Има списоци со кориснички групи, без детално определени кориснички привилегии за достапност до АКМИС.

21. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Уписничарите ги внесуваат месечните дежурства во месечниот календар на дежурства. Уредно се внесени во месечниот календар на дежурства во АКМИС.

22. **Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи освен во прекршоци.

23. **Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

24. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судски службеник задолжен за АКМИС е раководител на одделение информатичар Дијана Смилевска со одлука СУ-07-29/19 од 11.12.2019 година. За распределба и прераспределба се задолжени уписничарите во судот.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2023, 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)**

На увид беа доставени сите одлуки, комисијата по случаен избор направи увид во следните:
СУ-222/25 од 09.09.2025 - со решение за вклучување на нов судија,
СУ-186/25 од 14.07.2025 - исклучување и вклучување поради користење на годишен одмор,
СУ-55/23 од 21.02.2023 прераспределба поради исполнување на услови заради старосна пензија,
СУ-70/23 од 08.03.2023 заради техничка грешка и доделување на предмет на судија кој не постапува по тој уписник
СУ 233/24 од 02.10.2024 исклучување поради заминување на вд претседател во ОС Крушево. Сите се уредно се внесени во АКМИС.

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2023, 2024 и 2025 година**

Беше направен увид во СУ-ИЗЗ-127/22 од 03.11.2022, СУ-ИЗЗ-104/23 од 13.11.2023, СУ-ИЗЗ-114/25 од 29.04.2025, СУ-ИЗЗ-102/25 од 28.04.2025, СУ-ИЗЗ-145/24 од 03.09.2024, СУ-ИЗЗ-124/24 од 04.07.2024, СУ-ИЗЗ-119/23 од 04.12.2023.
Константирано е е дека сите се уредно внесени во АКМИС.

**27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2023, 2024 и 2025 година - Нема такви одлуки**

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

- ПРК С - 3899/22 - Поднесен и примен на ден 01.08.2022, автоматски распределен на ден 01.08.2022, примен од страна на судија на ден 19.09.2022 година, и прераспределен рачно на 30.10.2024 година со одлука на претседател Су-230/24.

  **Објаснување од судот:** Заради пензионирање на судија Снежана Дојчиновска, на седница на судии е одлучено сите нерешени предмети од судијата Снежана Дојчиновска по листа од АКМИС да ги преземе судијата

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Татјана Митревска. Иако судијата Снежана Дојчиновска беше судија во граѓански оддел, кај истата имаше прекршочни предмети незавршени бидејќи кога имаше голем наплив на прекршоци, на сите граѓански судии им биле доделени во работа и прекршочни предмети.

- ПРК С-1861/23 - Поднесен и примен на ден 09.02.2023, автоматски распределен истиот ден, примен од страна на судија на ден 13.02.2023 година, автоматски прераспределен на ден 13.11.2023 заради изземање.
- К-136/25 - Поднесен и примен на ден 24.04.2025, автоматски распределен на ден 24.04.2025, примен од страна на судија на ден 25.04.2025 година, а потоа два пати автоматски прераспределен на 28.04.2025 и 30.04.2025 заради изземања Су.изз.бр.102/25 и Су.изз.бр. 114/25 и потоа рачно прераспределен на 12.05.2025 година
- РО-279/24 - Поднесен на ден 19.07.2024, примен и автоматски распределен на ден 22.07.2024 и примен од страна на судија на ден 05.08.2024 година
- П4-54/24 - Поднесен и примен на ден 28.06.2024, автоматски распределен на 01.07.2024, примен од страна на судија на ден 03.07.2024 година и прераспределба автоматски на ден 05.07.2024 поради изземање
- МАЛВП-73/2023 - Поднесен и примен на ден 30.01.2023, автоматски распределен на ден 01.02.2023 и примен од страна на судија на ден 06.02.2023 година
- ПРК С-56/23 - Поднесен и примен на ден 03.01.2023, автоматски распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 09.01.2023 година
- ТС-3/25 - Поднесен и примен на ден 04.04.2025, автоматски распределен на ден 04.04.2025 и примен од страна на судија на ден 07.04.2025 година
- П1-17/2025 поврзан со П1-16/25 рачна

  **Објаснување од судот:** Доставени се службени белешки дека се работи за времена мерка и главно барање. Односно, поврзан предмет каде најпрво се заведува времената мерка под број П1-16/25, а потоа со нов број П1-17/2025 се заведува предметот за главното барање и се поврзува со предметот за времена мерка.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Автоматската распределба се извршува во 15 часот. На денот на надзорот во судот има 94 предмети кои чекаат на автоматска распределба.
При проверка на начинот на распределување на предметите забележана е автоматска распределба повеќе од еднаш во исти ден, и тоа на 28.04.2023 година 29.08.2025 и на 17.09.2025 година.
**Објаснување од судот:** Поради итност во постапката, раздвојување и спојување на предмети и поради технички грешки.

**30. Уписници што се водат во хартиена форма - Нема.**

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Во судот има вкупно 13 судници, од кои 5 се опремени со опрема за аудио снимање кое се користи по барање на странки или по барање на судијата.
Има распоред за судии како да се користат судниците, со цел една судница во која има поставено опрема за тонско снимање да можат сите судии да го користат тонското снимање на судењата најмалку еднаш неделно. Ова значи дека на дневна база најмногу 5 судии можат да користат тонско снимање. Сите 5 судници кои се опремени со опрема за тонско снимање се во употреба.

**32. Електронска достава**

Се врши електронска достава до адвокатите кои имаат уредно доставено електронско сандаче. Се врши и до други општина, извршители и други правни субјекти кои имаат регистрирано сандаче.

| |
|---|
| Забелешка на судот: Адвокатите се должни да имаат електронско сандаче, но често не им се функционални. |

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2023, 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Работното тело е формирано со Одлука Су 302/23. Со измената на дел од членовите се врши само измена на одлуката, без да се донесе нова.

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2023, 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

СУ 01/23 од 16.01.2023 година, СУ 01-1/24 од 16.01.2024 година и СУ 01-25/24 од 16.01.2025 година

**35. Внатрешни процедури**

Су бр.01-22/24 од 26.12.2024 година за 2025 година
Су бр.01-12/23 од 21.12.2023 година за 2024 година
Су бр.01-3/22 од 27.12.2022 година за 2023 година

**36. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су 07-13/23 од 27.04.2023 година.
Су 07-11/24 од 18.04.2024 година
Су 07-17/25 од 17.07.2025 година

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Преку објавување на веб страницата, извештаите се објавуваат редовно.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**38. Огласна табла на судот**

Има огласна табла поставена на видно место. Имаат и електронска табла на веб страната на судот.

**39. Простории за судии поротници и за адвокати**

Просторија за судии поротници има на 4 кат, а за адвокати на 2 кат.

**40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2023, 2024 и 2025 година**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

**41. Архива**

Предметите се уредно наредени и архивирани по години. Поголемиот дел од предметите се наредени на метални полици, просториите се во солидна состојба, релативно чисти, хигиената е на задоволително ниво. Архивата се води согласно одредбите од судскиот деловник и закон. Одземените предмети се уредно поврзани со број на предмет и ажурно внесени во АКМИС

Увидот заврши на ден 07.10.2025 во 14:50 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk